**АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**

Врз основа на член 7, алинеја 9 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ број 72/07, 5/09 43/14, 193/15, 39/16, 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 190/19), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој го објавува следниот

# Ј А В Е Н  П О В И К  б р . 0 9 / 2 0 2 5
**за доставување на барања за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година**

## 1. ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Предмет на овој оглас е доделување на финансиска поддршка за следните мерки:

| Група на мерки | Помош во сточарскиот сектор | Максимална вредност на расположливи средства одобрени со Програма |
|---|---|---|
| Мерка 6 | Надомест за трошоци наменети за покривање на административни трошоци за воспоставување и одржување на матично книговодство и трошоци за испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во сточарството<br>1. Висината на помошта изнесува 80,00 денари, без данок на додадена вредност за впишано грло животно во матична книга или впишано грло во Регистарот на хибридни свињи. Минималниот износ на средства на помошта по призната организација на одгледувачи или призната организација на одгледувачи на хибридни свињи изнесува 200.000,00 денари, без ДДВ<br>2. Висината на помошта за трошоци за испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во сточарството, изнесува 70% од утврдените цени согласно програмата и тоа:<br>- за грло животно од видот говеда впишани во матична книга 3.500,00 денари, без ДДВ,<br>- за грло животно од видовите овци и кози впишани во матична книга 980,00 денари, без ДДВ,<br>- за грло животно од видот свињи/хибридни свињи впишани во матична книга или Регистар за хибридни свињи 700,00 денари, без ДДВ. | 20.000.000,00 денари |
| Критериуми | - впишани грла во матична книга или Регистар за хибридни свињи<br>- спроведени активности за испитување на продуктивноста или генетската вредност на животните или хибридните свињи, предвидени во одобрените одгледувачки програми<br>- признати организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи впишани во Регистарот на признати организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи кој го води МЗШВ<br>- трети лица впишани во Регистарот на трети лица кој го води МЗШВ | |

## 2. ПРАВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА

Право на користење на средства по мерка имаат следните субјекти:

| Субјекти | **Мерка** |
|---|---|
| 1. Признати организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи впишани во Регистарот на признати организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи кој го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно Законот за зоотехника(*) и<br>2. Трети лица впишани во Регистарот на трети лица кој го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно Законот за зоотехника (*), кои имаат склучено договор со призната организација на одгледувачи или призната организација на одгледувачи на хибридни свињи за спроведување на активности за испитувања на продуктивноста или генетската вредност на животните или хибридните свињи предвидени во одобрените одгледувачки програми. | 6 |

## 3. УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА

Барањата за пооделна мерка се доставуваат во оригален примерок.

Условите кои треба да ги исполнуваат барателите на средства се утврдени со:

- **Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година (Службен весник на РСМ, бр. 26/25, 88/25, 133/25 и 157/25)**
- **Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013, 106/2013, 177/2014, 25/2015, 73/2015, 83/2015, 154/2015, 11/2016, 53/2016, 120/2016, 163/2016, 74/2017, 83/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/2019, 244/2019, 275/2019, 110/2021, 123/2022, 65/23 и 218/24 )**
- **Законот за зоотехника (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/23)**

Доколку до Агенцијата се поднесат повеќе барања отколку што има расположливи средства за Мерката 6, согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година, Агенцијата ќе им даде предност на оние баратели кои го поднеле своето барање порано од останатите.

## 4. ПОДИГНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ И УПАТСТВА

Обрасците „Барање за исплата“ со листата на потребни документи може да се подигне на веб страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk.

Горенаведените обрасци може да се подигнат и директно во Агенцијата секој работен ден од 08 до 14:00 часот, на адреса:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**
**Ул. 3-та Македонска бригада бр.20 ( Зграда на Македонија Табак блок Ц )**
**1000 Скопје**

## 5. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

Пополнетите барања за исплата од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година заедно со целокупната потребна документација се доставуваат на македонски јазик во затворен коверт на кој на предната страна во горниот лев агол стои ознаката “НЕ ОТВОРАЈ“, за Јавен повик број 09/25 и назначување на шифрата на мерката (Мерка 6) за која се поднесува барањето. Барањето може да се достави по пошта или лично во писарницата на Агенцијата, во спротивно Агенцијата не превзема одговорност за ненавремено и некомплетно пристигнување во писарницат или предвремено отворање на барањето.

**Крајниот рок за доставување на барањата е 31.10.2025 година. Барањата доставени по предвидениот рок нема да бидат разгледувани.**

Подетални информации на контакт тел. (02) 3097-460 или на контакт е-маил адреса: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk и на веб-страната: www.ipardpa.gov.mk.

Контакт:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување на исплата.

Телефон **02 3097 - 460**, секој работен ден од 08:00 до 14:00 часот

Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk